Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), како и Предлогот за вработување на кандидати од страна на Агенција за администрација на Република Северна Македонија со архивски број 10-21/2 од 02.01.2026 година, раководното лице на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид на ден 12.01.2026 година, ја донесе следната:

ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
СО СЕДИШТЕ ВО ОХРИД
Бр. 02-18/1
12.01.2026 год.

# ОДЛУКА

За избор на двајца кандидати по спроведен јавен оглас за вработување на 2 (двајца) административни службеници на неопределено време

1. За извршител на работно место Помлад соработник за правни работи во Одделение за административно-правни, општи работи, човечки ресурси и јавни набавки, со шифра ЗДР0102В04002, се избира кандидатот **Ангела Алач**.
2. За извршител на работно место Помлад соработник за наплата и фактурирање во Одделение за материјално-финансиски работи, сметководство, набавка, дистрибуција и складирање на материјали, со шифра ЗДР0102В04011, се избира кандидатот **Томислав Секулоски**.
3. Именуваните ќе бидат вработени на неопределено време на работните места согласно точките 1 и 2, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување на неопределено време.
4. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По барање на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид, на ден 31.07.2025 година Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија објави Јавен оглас под број 918/2025, на нејзината веб страна и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“, за вработување на 2 (двајца) административни службеници во ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид.

По објавениот оглас со реден број 918/2025, Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија донесе решение за формирање Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, број 10-2065/7 од 19.11.2025, односно Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, број 10-2065/8 од 15.12.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник на ден 15.12.2025 година и донесе записник од извршената административна селекција за административен службеник со архивски број 10-2065/9.

На ден 25.12.2025 година беше спроведен испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски број 10-2065/10 од 25.12.2025 година.

На ден 30.12.2025 година спроведена е постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервју на административните службеници, за што е составен Записник со архивски број 10-2065/12 од 31.12.2025 година.

Од доставениот Предлог за вработување кандидати по Јавен оглас број 918/2025 и конечната ранг листа на кандидати, раководното лице на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид, изврши избор, односно одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволната страна има право на жалба до Агенција за администрација на Република Северна Македонија, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

-Агенција за администрација

-Избраните кандидати

-Архива на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид

в.д. Директор

д-р Горан Крцовски